**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број. 09 - 1425/3
12.02.2024 година
Скопје

| # ООУ „Емин Дураку“ – с.Буковиќ, Сарај | |
|---|---|
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 19, 20 и 21.12.2023 година |
| **Број на извештај:** | 30/Скопски /2023 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Afrim Saliu |
| **Вид на училиштето:** | Општинско основно училиште |
| **Подрачни/ дисперзирани паралелки** | 3 – с.Арнакија, с.Чајлане и с.Раовиќ |
| **Основач на училиштето:** | Општина Сарај |
| **Наставен јазик:** | Албански наставен јазик |
| **Број на ученици:** | 661 |
| **Полова структура на ученици:** | 329 машки и 332 женски |
| **Број на наставници:** | 56 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Сабит Идриси |
| **Вд Директор на училиштето:** | Шефајет Даути |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 26, 27 и 28.03.2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | Ул.2 бр.2 с.Буковиќ |
| **Телефон:** | 02-3059107 |
| **Факс:** | 02-3059107 |
| **e-mail:** | ou.eminduraku@yahoo.com<br>ou-eminduraku-bukovikj-saraj@schools.mk |
| **Веб страница** | www.eminduraku.edu.mk |
| **Оценка ИЕ** | **Делумно задоволува (2,49)** |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14 33/15, 145/15, 30/16) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006).

## Резиме

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветната инспекција на 19, 20 и 21.12.2023 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во ООУ„Емин Дураку" с.Буковиќ, Општина Сарај – Скопје.

Подготвителната фаза од интегралната евалуација е спроведена од раководителот на инспекцискиот тим со посета на училиштето и прибирање на сите потребни документи во кои се содржат податоци за работата на училиштето.

Од целокупната евиденција и документација која што беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„Емин Дураку" с.Буковиќ се оценува со **делумно задоволува (2.49)[1].**

Во училиштето се применуваат наставни планови и програми кои се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука. Реализацијата е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од концепциите за основно образование. Содржините во добар број наставни програми овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието.

Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе различни начини и средства да ги информира сите структури за целите на наставните планови и програми што се реализираат. Во училиштето има воспоставено јасна процедура за избор на изборните предмети, и при изборот на наставни предмети се почитуваат потребите и барањата на учениците и волјата на родителите.

Училишниот инклузивен тим се грижи за инклузивните практики на ниво на училиште а инклузивниот тим за ученик во кој родителите се дел од тимот и се вклучени во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП), целосно се информирани.

Училиштето планира и реализира вонднаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците. Воннаставните активности се реализираат преку секциите, организирани излети и екскурзии, приредби и слични активности во кои учениците се вклучуваат по сопствен избор вклучувајќи ги и заеднички воннаставни активности со партнер училиштето, со цел обезбедување меѓуетничка интеграција во образованието и градење соживот.

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според пол, по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години и паралелки и презема активности за нивно подобрување.

Постигањата на учениците во последните три учебни години, говорат за континуитет на успехот на учениците, без големи промени и отстапувања. Средниот успех на учениците во учебната 2020/2021 година изнесува 4,28, во учебната 2021/2022 година изнесува 4,14 и во учебната 2022/2023 година изнесува 4,15. Средниот успех за последните три учебни години изнесува 4,19. Поголемиот дел од наставниците навремено ја планираат редовната, додатната, дополнителната настава и воннаставните активности. Имаат годишни, тематски планирања и оперативен план за наставен час, односно годишни и тематски процесни планирања.

За изработка на планирањата, наставниците од одделенска настава, дискутираат на стручните активи и најчесто заедно ги изработуваат, додека наставниците од предметна настава, своите планирања ги изработуваат индувидуално. Застапена е корелација (интегрирање) на наставните содржини по повеќе наставни предмети.

Планирањата на наставниците не ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Во голем дел од нив недостасуваат диференцирани цели и диференцирани активности за работа со талентираните ученици, учениците што

---

1

Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:
Не задоволува,
Делумно задоволува,
Добро и
Многу добро.

потешко напредуваат. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањата.

Распоредот на часови е направен според просторните и кадровските можности на училиштето. Мал број од наставниците користат разновидни форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Дел од наставниците користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа со целата паралелка. Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците. Дел од наставниците се обучени за употреба на Информатичка компјутерска технологија (ИКТ) и нови образовни технологии во наставата. Во текот на имплементација на интегралната евалуација, беа реализирани мал број на часови со примена на ИКТ.

Повеќето ученици сметаат дека имаат можност да го искажат своето мислење и да преземат одговорност при решавањето на проблеми поврзани со учењето, во и надвор од наставата. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во училишниот простор како и пишани документи за превенција од секаков вид насилство и однесување на сите структури и истите се почитуваат.

Стручната служба и наставниците во училиштето се грижат за давање помош на учениците за избор на образовна установа за понатамошно образование со спроведување на поголем број активности. Учениците се запознаени со мрежата на средни училишта и условите за продолжување на школување.

Училиштето е инклузивно, безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива респект кај родителите а во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед. Училиштето ги зема во предвид мислењата и сугестиите на родителите.

Воспитно - образовната дејност во училиштето ја реализираат 56 наставници од кои 11 наставника се несоодветни, а истите се ангажирани поради недостиг на соодветен кадар. Стручната служба се состои од психолог и социолог и е некомплетен, а недостасуват и образовни асистенти кои би биле вклучени во наставниот процес за децата со ПОП. Училиштето редовно врши обучување и мотивирање на наставниците за континуиран професионален развој утврден во Програма за професионален развој на наставниците.

Со училиштето управува Училишен одбор. Истиот донесува одлуки и работи во интерес на училиштето. Училишниот одбор го следи начинот на стекнување на средства, одлучува во рамките на своите надлежности за дополнително стекнување на средства и наменско трошење на буџетот. Активно учествува во креирањето политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето, меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество. Работата е транспарентна за сите структури.

Раководен орган на училиштето е вд директор со искуство на директор. Работи тимски со фокусирање на подобрување на воспитно образовен процес преку подобрување на условите во училштето и оспособување на наставниците во разни области преку обезбедување на обуки и работилници. Донесува одговорни одлуки и има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, вклучувајќи и способност да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој.

Училиштето има договорни процедури за донесување на училишни политики. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, граѓански активизам, намалување на сите видови насилства во училиштата, намалување на семејното насилство, антикорупциска едукација на учениците, не дискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите.

За учебната 2023/2024 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа со дел.бр.03 -262/1 од 14.08.2023 година, усвоена од Училишниот одбор и од Советот на Општина Сарај.

Самоевалуација на училиштето бр.03-71/1 од 09.05.2022 година ги опфаќа учебната 2020/21 и 2021/22 година и истиот е изготвен согласно индикаторите. Програмата за развој

на училиштето со дел.бр. 04-322/2 од 30.06.2024 година опфаќа 4 години, односно 2020 – 2024 година со важност до 2024 година.

Во училиштето, со Решение бр.03-272/1 од 24.08.2023 година, формиран е инклузивен тим, составен од седум члена. Инклузивниот тим во континуитет соработува со родителите на децата и истите ги вклучува при изработка на Индивидуалните образовни програми и го следи напредувањето на учениците со посебни образовни потреби.

За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, училиштето со Решение бр.30120200000921 од 10.02.2020 година донесено од Централниот регистар на РСМ, има регистриран училишен спортски клуб „Емин Дураку“ – Скопје и Решение Бр.08-1130/2 од 30.06.2020 година донесено од Агенција за млади и спорт на РСМ за вршење дејност спорт – училишен спорт. Училишниот спортски клуб е активен а е застапен спортот фудбал.

Училиштето има партнер училиште за соработка. Има Меморандум за соработка со ООУ„Невена Георгиева - Дуња“ – Кисела Вода заведен со бр.03-33 од 01.02.2023 година. Програмата нуди активности за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи. Училиштата тоа го постигнуваат преку меѓусебна реализација на заеднички наставни и вонnаставни активности.

## Карактеристики на училиштето

Општинското основно училиште „Емин Дураку“ – с.Буковиќ, е во Општина Сарај - Скопје, во чиј состав има подрачно основно училиште во с. Арнакија, с.Чајлане и с.Раовиќ.

Училиштето е основано со акт на Собрание на Општина Идадија – Скопје со Решение бр.19692 од 25.09.1965 година, а е запишан во регистарот на Окружниот стопански суд – Скопје под бр.359/65 од 31.12.1965 година.

Дејноста на училиштето е верифицирана со Решение бр. 11-587/16 од 31.01.1986 година, издадено од Собрание на општина Карпош - Општински комитет за образование, култура и физичка култура. Општинското основно училиште “Емин Дураку” - с.Буковиќ, Сарај - Скопје има својство на правно лице, стекнато со уписот во Централен регистар на Република Северна Македонија. Училиштето е запишано во централен регистар на општинските основни училишта во Министерство за образование и наука и во регистарот на општинските основни училишта што го води општината за своето подрачје. Наставата се реализира во две смени, а во ПУ во с.Раовиќ се одвива во една смена. Наставата се одвива на Албански наставен јазик.

Во ООУ„Емин Дураку“ – с. Буковиќ во учебната 2023/24 година вкупно се запишани се вкупно 654 ученици, од кои 324 машки и 330 женски. Во централното училиште во с.Буковиќ се запишани вкупно 294 ученици, од кои 139 машки и 155 женски. Во подрачното училиште во с.Арнакија се запишани вкупно 176 ученици, од кои 87 машки и 89 женски. Во подрачното училиште во с.Чајлане запишани се вкупно 181 ученици, од кои 97 машки и 84 женски. Во подрачното училиште во с.Раовиќ се запишани вкупно 3 ученици, од кои 1 машко и 2 женски.

Во ООУ„Емин Дураку“ – с. Буковиќ во учебната 2023/24 година учениците се распределени во вкупно 37 паралелки, од кои во централното училиште во с. Буковиќ се

18 паралелки, во ПУ во с.Арнакија има 9 паралелки, во ПУ во с. Чајлане има 9 паралелки и 1 паралелка во ПУ во с.Раовиќ.

Во централното училиште во с.Буковиќ новиот училишен објект е изграден во 1965 година, а реновиран во 2011 година. Има осум (8) училници, простории за педагошка и административна дејност, санитарни јазли и подрум, со вкупна површина од 1571 $м^2$. Стариот училишен објект е изграден во 1959 година, а целосно реновиран во 2009 година. Има три училници, библиотека и санитарни јазли со вкупна површина од 128 $m^2$. Училиштето има дворна површина од 8977 $m^2$ од која со озеленета дворна површина се 5215 $m^2$, две спортски игралишта (асфалтирани) со површина од 1200 $m^2$ и останата дворна површина со бетонски патеки која изнесува 2782 $m^2$. Училишната зграда во подрачното училиште во с. Арнакија е изградена во 1969 година, од тврд материјал, приземје со 5 училници, една канцеларија, две помошни простории и два подрума со вкупна површина од 480 $m^{2.}$. Училиштето има дворна површина од 1318 $m^{2.}$ Од која со озеленета дворна површина се 150 $m^{2.}$, спортско игралиште (асфалтирано) со површина од 340 $m^{2.}$ И останата дворна површина со бетонски патеки која изнесува 828 $m^{2.}$. Училишната зграда во подрачното училиште во с. Чајлане е изградена во 2018 година, од тврд материјал, приземје и спрат,со вкупно 7 училници, една канцеларија, две помошни простории и магацин, со вкупно 600 $m^2$. Училиштето има дворна површина од 2120 $m^{2.}$ од која озеленета дворна површина се 420 $m^{2.}$, останата дворна површина со бетонски патеки која изнесува 930 $m^{2.}$. Училишната зграда во подрачното училиште во с. Раовиќ е изградена во 1976 година, а повторно е адаптирана 1986 година. Училиштето располага со 4 училници, канцеларија и шупа-подрум со вкупна површина од 192 $m^2$. Наставата се изведува во една паралелка. Училиштето има дворна површина од 904 $m^2$.

Во училиштето, вработени се вкупно 72 лица. Воспитно - образовната работа ја реализираат вкупно 56 наставници, сите албанци ( 34 неопределено и 22 на определено работно време), 2 наставници се приправници и во училиштето нема наставник со звање ментор. Стручната подготовка на наставниот кадар е во согласност со Нормативите за наставен кадар, освен на 11 наставници кои се со несоодветно образование и истите се ангажирани на определено работно време.

Во училиштето има директор, помошник директор и секретар, од стручната служба има психолог социолог и библиотекар, но нема вработен дефектолог за потребите на учениците и вработените во училиштето. Училиштето нема обучен кадар за работа со деца со посебни потреби.Техничката служба е составена од 10 вработени лица, од кои 9 хигиеничари и 1 хаусмајстор.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Во централното и во подрачните училишта недостасува училишна спортска сала за наставата по физичко и здравствено образование.

Училиштето се загрева со парно греење (со нафта) и тоа во Централното училиште во с.Буковиќ, во ПУ во с. Арнакија и с.Чајлане - Семениште, а во ПУ во с.Раовиќ греењето е со дрва.

Статутот на училиштето со бр.01-47/2 од 03.02.2020 година има Одлука бр.0901-64/1 од 14.02.2020 година од Совет на Општина Сарај за усвојување на Статутот на училиштето, но не е најдено решение за добивање согласност од МОН.

# 1 Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Наставниот процес во ООУ„Емин Дураку“, с.Буковиќи –Општина Сарај, се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Реализацијата на наставните планови и програми во прво, второ, трето, четврто, петто и шесто одделение е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од Националните стандарди и Концепцијата за основно образование. По наставните предмети математика, физика, хемија и биологија наставата се реализира според адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ, одобрени од Биро за развој на образованието. Содржините во мал број наставни програми, овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост.

Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела, за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат, вклучително и за програмите што се однесуваат за интегрирано образование. Информирањето се спроведува на почетокот на учебната година, на состанокот со родителите, преку изготвување на брошура, преку веб страната на училиштето не е во функција, а исто така ја посочуваат и веб страната на Биро за развој на образованието.

Во училиштето има 1 ученик со посебни образовни потреби, со наод и мислење од соодветна институција – МКФ – Меѓународна класификација на функционирање, попреченост и здравје. Училиштето, согласно законските одредби има формирано Инклузивен тим на училиште, составен од 7 члена и тоа Психолог, предметен наставник, одделенски наставник, двајца родители, Координатор на ОУРЦ д-р Златен Сремец – Скопје и Директорот на училиштето Шефајет Даути со деловоден број 03-272/1 од 24.08.2023 година. За сите ученици со посебни образовни потреби, формиран е Инклузивен тим на ученик, а родителите се дел од тимот и се вклучени во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП), со што се обезбедува нивна целосна информираност. Во однос на работата со децата со посебни образовни потреби, во училиштето нема стручна поддршка од специјален едукатор и рехабилитатор, нема поддршка од образовен асистент, додека индивидуалните наставни програми се прилагодени за работа со учениците со посебни образовни потреби, согласно способностите на учениците и насоките добиени од Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје. Мал дел од наставниците, во планирањата ги прилагодуваат целите од наставната програма според потребитена учениците со потешкотии и талентираните ученици.

Училиштето ја почитува процедурата и дава можност учениците да вршат избор на изборни наставни предмети, според нивните интереси и потреби. Училиштето согласно наставниот план, за учениците од VII до IX одделение, нуди два и повеќе изборни предмети, при што се внимава во секоја учебна година истите да бидат различни. За учениците од IV и VI одделение, училиштето нуди слободни изборни предмети во четири категории по три изборни предмети, што е согласно Националните стандарди и Концепцијата за основно образование. Изборот на изборните предмети се врши по пат на анкетирање, при што се почитува изборот од страна на учениците и родителите. Во ООУ„Емин Дураку“ не се планира и реализира проширена програма.

### 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебни помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност на иницијативи на наставниците и локалната самоуправа. Во Годишната програма за работа, училиштето има изработено и Програма за меѓуетничка интеграција во образовниот систем. Во таа насока, потпишан е Меморандум за соработка со ООУ„ Невена Георгиева-Дуња“ од Општина Кисела Вода, Скопје. Програмата нуди активности за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи.

Постојат примери на соодветно вградени особености на локалната средина, во поставените цели од наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Училиштето се вклучува во разновидни акции, организирани од локалната заедница, организирани посети на културни споменици и слично.

Во училиштето има можности за интегриран пристап по одделни наставни предмети, при што истиот повеќе е застапен во одделенска настава, а помалку застапен е по наставните предмети во предметна настава. Училиштето, во сите наставни програми што се реализираат, има делумно разработени насоки за вградување на меѓупредметни цели. Мал дел од наставниците, насоките ги почитуваат и ги применуваат.

Училиштето на состаноците на формалните органи, дискутира за применуваните наставни планови и програми, во однос на нивната преобемност и прилагоденост на возраста на учениците и нивните развојни карактеристики, но до релевантните институции, нема покренато писмена иницијатива за нивно изменување, дополнување или иновирање.

### 1.3 Воннаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење. Училиштето планира и организира заеднички воннаставни активности и со партнер училиштето, со цел обезбедување меѓуетничка интеграција во образованието и градење соживот.

Учениците се вклучуваат во воннаставните активности, според сопствен избор. Најголем дел од учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Во воннаставните активности, особено во секциите, опфатени се поголем број ученици според нивните индивидуални способности, наклонетост и предиспозиции, кои ги детектираат наставниците. Изборот се врши преку анкетирање на учениците, а групите најчесто се хетерогени. Училиштето во воннаставните активности ги вклучува и учениците со посебни образовни потреби. Препораките на наставниците се клучни при планирањето на содржините и активностите. Понекогаш и учениците се вклучуваат со свои предлог содржини и активности во подготвување на програмите за работа на воннаставните активности. Наставниците најчесто ги земаат во предвид нивните предлози. Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Имаат освоено разни пофалници, награди и признанија.

Учениците и наставниците работат и на проекти од различна природа, а постојат и примери за реализирани младински иницијативи. За афирмирање на воннаставните

активности, училиштето користи повеќе медиуми како социјални мрежи, веб страната на училиштето и промоција на националните телевизии.

Училиштето планира и реализира ученички екскурзии како една од формите на вonнаставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер.

# 2 Постигања на учениците

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците, според пол, по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години и паралелки и презема активности за нивно подобрување.

Постигањата на учениците во последните три учебни години, говорат за континуитет на успехот на учениците, без големи промени и отстапувања. Средниот успех на учениците во учебната 2020/2021 година изнесува 4,28, во учебната 2021/2022 година изнесува 4,14 и во учебната 2022/2023 година изнесува 4,15. Средниот успех за последните три учебни години изнесува 4,19.

Училиштето нема систем за детектирање на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на надерените ученици, како и на учениците со пречки во развојот, го следи нивниот напредок и презема активности за поддршка и подобрување на успехот на овие ученици.

Дел од наставниците им даваат поддршка на учениците со посебни образовни потреби, избирајќи активности соодветни на нивните интереси и можности. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области, во согласност со родителот/старателот на ученикот.

Училиштето во континуитет организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето и со партнер училиштата ООУ„ Невена Георгиевска-Дуња“ од Општина Кисела Вода,Скопје. Со партнер училиштето, се планираат и делумно се реализираат активности во вид на работилници, преку кои учениците се стекнуваат со нови знаења и искуства за историјата и фолклорната традиција на различните заедници.

## 2.2 Задржување / осипување на ученици

Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од својот реон, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Постои утврдена процедура на ниво на Општина Сарај, за запишување ученици во прво одделение. Согласно законската регулатива, училиштето формира комисија за запишување на деца во прво одделение, доставува покани до родители, врши посети на семејства, врши проверка на потврда за примени вакцини, спроведува кампањи и остварува соработка со надлежни институции. Процедурата е усвоена од училишните органи и училиштето постапува согласно со неа. Училиштето ги ажурира податоците за запишаните ученици и известува надлежни институции.

Училиштето има воспоставен систем за прибирање податоци за опфатот на учениците што завршиле во училиштето при преминот во средно образование.

Училиштето има изграден систем на вклучување на претходно осипани ученици или ученици повратнициод странство, во наставниот процес.

Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Вкупниот број на изостаноци на ниво на училиште во учебната 2020/2021 година изнесува 5241 , од кои 4147 се оправдани и 1094 изостаноци се неоправдани или во просек 1.7 изостаноци по ученик. Во учебната година 2021/2022 година, вкупниот број на изостаноци изнесува 724, од кои 558 се оправдани и 166 изостаноци се неоправдани или во просек 0.26 изостаноци по ученик. Во учебната година 2022/2023 година, вкупниот број на изостаноци изнесува 640, од кои 594 се оправдани и 46 изостаноци се неоправдани или во просек 0,07 изостанок по ученик. Училиштето, за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата, презема мерки и активности при што соработува со родителите.

Согласно со утврдените потреби и изготвен план, училишниот психолог нема евиденција за реализирање на советувања со родители и ученици. Во учебната 2020/2021година, реализирани се 2 советувања на родители и ученици, во учебната 2021/2022 година, реализирани се 4 советувања на родители и ученици и во учебната 2022/2023, година реализирани се 3 советувања на родители и ученици.

Во училиштето ретко има појава на осипување на ученици и истата континуирано се следи според полот, одделение/паралелка и етничка припадност и не се вршат анализи за причините на осипување.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При премин во друго училиште , ги доставува информациите за воспитно – образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. Во последните три учебни години, вкупно 6 ученици се испишале од училиштето поради промена на местото на живеење или заминување во странство, а 3 ученици се запишале во ова училиште.

### 2.3 Повторување на ученици

Од увидот направен во училишната евиденција, односно од извршените анализи за постигањата на учениците на крајот од учебната година, констатирано е дека, во последните три учебни години, нема ученици кои ја повторувале годината.

Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор доколку има незадоволство од постигнатиот успех на крајот на наставната година.

# 3 Учење и настава

## 3.1 Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручните соработници. Годишните и тематски планирања се разгледуваат и прибираат на почетокот на учебната година, а оперативните планови за наставен час, континуирано се следат во текот на годината и при посетите на часови од страна на директорот и стручните соработници. Наставниците кои предаваат во прво, второ, трето, четврто, петто и шесто одделение изготвуваат годишни планирања, неделни планирања и оперативни планирања за наставен час - сценарија, согласно Националните стандарди и Концепцијата за основно образование. Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието, обезбедува поддршка на наставниците за вградување на цели од образование за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост, во планирањата на наставниците. Исто така и Инклузивниот тим на училиштето, обезбедува поддршка за изработка на Индивидуалните образовни програми за учениците со посебни образовни потреби и остварува соработка со Ресурсниот центар ОУРЦ„Златен Сремац“ - Скопје и со други релевантни институции. Во една учебна година, најмалку два пати се следат планирањата на наставниците од страна директорот и стручните соработници.

Поголемиот дел од наставниците навремено ја планираат редовната, додатната, дополнителната настава и воннаставните активности. Имаат годишни, тематски планирања и оперативен план за наставен час, односно годишни и тематски процесни планирања.

Планирањата на наставниците не ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Во голем дел од нив недостасуваат диференцирани цели и диференцирани активности за работа со талентираните ученици,учениците што потешко напредуваат. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањата. Наставничкиот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. За реализирање на наставните програми според адаптираните Кембриџ програми, планирањата на наставниците се изготвуваат според дидактичките насоки од Биро за развој на образованието за планирање на наставата по Кембриџ програмата. За реализирање на наставните програми во прво, второ, трето, четврто, петто и шесто одделение, планирањата на наставниците се изготвуваат според дидактичките насоки од Биро за развој на образованието, според целите од Националните стандарди и новата Концепција за основно образование.

Наставниците при изготвување на годишните и тематските планирања, разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи, со поддршка од стручните соработници и остваруваат соработка со други училишта. За изработка на планирањата, наставниците од одделенска настава, дискутираат на стручните активи и најчесто заедно ги изработуваат, додека наставниците од предметна настава, своите планирања ги изработуваат индувидуално. Застапена е корелација (интегрирање) на наставните содржини по повеќе наставни предмети.

Распоредот на часови е направен според просторните и кадровските можности на училиштето. Распоредот на часови за предметна настава се изготвува од страна на наставник од предметна настава. Распоредот на часови за одделенска настава од одделенска настава ,односно одговорните наставници од секое подрачно училиште од I до V одделение. Училиштето изработува распоред за додатна и дополнителна настава кој е истакнат на видни места и се реализира според предвидената динамика и согласно потребите научениците.

## 3.2 Наставен процес

Во текот на интегралната еваулација извршена е посета на наставен час кај повеќе наставници, вклучувајќи ги и наставниците кои дополнуваат фонд на часови во училиштето.

Мал број од наставниците користат разновидни форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Дел од наставниците користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа со целата паралелка. Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците. Наставниците кои предаваат во прво, второ, трето, четврто, петто и шесто одделение во оперативните планирања за наставен час – сценарија за час, делумно користат кооператвно учење со примена на методите: дискусија, проект и истражување. Овие наставници користат разновидни форми за работа, во зависност од потребите на наставната содржини и истите се според новата концепција за основно образование.

Дел од наставниците се обучени за употреба на Информатичка компјутерска технологија (ИКТ) и нови образовни технологии во наставата. Во текот на имплементација на интегралната евалуација, беа реализирани мал број на часови со примена на ИКТ.

Училиштето располага со вкупно 20 персонални компјутери, 3 лаптопи, нема ученички лаптоп компјутери, 2 ЛЦД проектори, нема Смарт табли, нема телевизори, 3 фотокопири, 13 принтери, 2 нагледни средства - скелет, 1 модел на тело, 1 микроскоп.

Задачите што се работат во училиштето или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачи и активности, не е секогаш добро приспособени на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат учебници, прирачен материјал и дополнителна литература. За децата кои од било кои причини подоцна се вклучуваат во образовниот систем им се овозможува да напредуваат со прилагодени програми и активности.

Наставниците најчесто ги споделуваат со учениците, целите на наставата и очекуваните резултати од учењето и истите најчесто им се јасни на повеќето ученици. Поучувањето е јасно и разбирливо, соодветно на возраста на учениците.

Во училиштето застапеноста на интерактивната настава е делумна. При посета на часовите, констатирано е дека помал дел од наставниците наставата ја реализираат со различни интерактивни методи. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и главно нивниот придонес се почитува. Постои интеракција наставник - ученик, а во помала мера е застапена и интеракција ученик - ученик.

Наставниците, со учениците се однесуваат на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без при тоа да се прави разлика меѓу учениците во однос на нивниот пол, социјалното потекло, нивната етничка припадност и религиска припадност како и физичка попреченост. Наставниците се делумно проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди, како и во однос на културните разлики, способностите, физичката попреченост, интелектуалната попреченост и друго.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува, а секој наставник се посетува на час најмалку еднаш во полугодие од страна на директорот или од стручните соработници.

## 3.3 Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите училиштето го доживуваат како безбедна и средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е делумно естетски уреден. Низ ходниците во училиштето, нема изложени изработки на учениците, изготвени во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието преку кои би се отсликувал мултиетничкиот карактер на Република Северна Македонија.

Голем дел од учениците сметаат дека по повеќето предмети, се учи на интересен начин. Содржините кои што се учат се поврзани со секојдневието, се применливи и корисни во реалниот живот и ги оспособуваат за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество. За време на часот, голем дел од наставниците ги охрабруваат

учениците самостојно и критички да размислуваат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици или возрасни.

Повеќето ученици сметаат дека имаат можност да го искажат своето мислење и да преземат одговорност при решавањето на проблеми поврзани со учењето, во и надвор од наставата.

Голем број на ученици сметаат дека интеракцијата со другите ученици е добра, а посебно во активностите што заедно ги остваруваат. Постојат и се применуваат различни форми за соработка. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина. Учениците се чувствуваат прифатени и задоволни во паралелката и училиштето.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници, системски ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

Помал број од наставниците, во соработка со стручните со работници и со Инклузивниот тим, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники со цел да ги мотивираат учениците да научат најмногу што можат. Овој начин на соработка е застапен повеќе во одделенска настава.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците изготвуваат сопствени критериуми, со утврдени стандарди за оценување на учениците, според образовните потреби. Критериумите на оценување на постигањата на учениците се според стандардите за оценување со кои учениците и родителите се запознаени по повеќето наставни предмети.

Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Застапено е формативно и сумативно оценување, кое кај поголем број на наставници е јавно и транспарентно. Се оценуваат различни активности, писмени и усмени одговори, тестови, проекти, наставни ливчиња и друго. Застапено е и самооценување на учениците кое го овозможуваат помал дел од наставници. Оценувањето на постигањата на учениците со пречки во развојот е согласно со целите на изготвениот Индивидуален образовен план, а во соработка со Инклузивниот тим на училиштето.

Поголем дел од наставници им даваат повратни информации на учениците за нивната работа. Во повратната информација се содржани тековните постигања на учениците. Поголем дел од наставниците даваат насоки за подобрување на постигањата, а по потреба, ги вклучуваат учениците во дополнителна или додатна настава. Наставниците ги користат информациите од оценувањето за да го евалуираат и да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврдено систем на активности за известување на родителите за напредокот на нивните деца .

Родителите добиваат информации за постигањата на учениците на ниво на паралелка како и пишани извештаи – евидентни листови и детали за напредокот на нивното дете, по секој наставен предмет, вклучувајќи и информации за личниот и социјалниот развој на детето. Од родителите се бара да дадат своја повратна информација по извештајот, по што се преземаат соодветни активности, согласно со гледиштата на родителите, во однос на постигањата и напредокот на нивните деца. Родителите на децата со посебни образовни потреби, се запознаени со напредокот на ученикот, предвиден со Индивидуалниот образовен план и по потреба, со нивно учество се ревидираат целите кои треба да се постигнат.

Родителите/старателите кои имаат доставено лични податоци и мејл адреси, одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелка ги има внесено во

системот на Е – Дневник и со помош на кориснички имиња и генерални лозинки имаат можност во континуитет да го следат напредокот на своите деца. Исто така, истите тие родители имаат можност во континуитет да ги следат и неделните извештаи, на ниво на паралелка.

Во училиштето има распоред за приемен ден за родители за секој наставник и истиот е истакнат на огласна табла на влезот на училиштето. На видно место, во училишниот хол нема информативно пано за родители, на кое се истакнуваат сите потребни информации за родителите.

# 4 Поддршка на учениците

## 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава, истиот е осигуран преку А.Д осигурителна полиса – УНИКА СКОПЈЕ, а преку истата полиса осигурани се и учениците (полиса број 010040006312 од 12.04.2023 год.). Училиштето физички не е обезбедено. Има поставено камери во училишниот ходник со видео надзор во училишната зграда и во училишниот двор и се реализира според планираното. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Сите потенцијално опасни места во училиштето што не може да се избегнат во целост се посебно означени, а учениците се информирани за можните опасности и се свесни за нивното присуство. Во училиштето има обучен кадар за давање прва помош, назначен од страна на Директорт на училиштето. Училиштето има интерен акт - План за евакуација за постапување во случај на елементарни непогоди, (план за евакуација број 03 – 2931/1 од 24.06.2021 год.). Во училиштето има 6 ПП апарати, прегледани, сервисираи, во исправна состојба (потврда за ППА број S – 09 /09.11.2021 година), нема хидранти. Противпожарните апарати редовно се сервисирани, извршено е мерење на громобранова инсталација и инсталирано интернет мрежа и телофонска врска. Училиштето е под видео надзор и нема ангажирано физичко лице за обезбедување.

Училиштето има протокол како пишани документи (Куќен ред и Кодекс на однесување) во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните. Протоколите се почитуваат и се применуваат. Во училиштето нема насилство

манифестирано од страна на возрасните и учениците. Училиштето организира предавања и активности за заштита на учениците од насилно однесување, од трговија со деца и користење на интернет. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на учениците им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Активностите за заштита и безбедност на учениците ги координира со институциите. Учениците и родителите се информирани од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки за насилство.

Училиштето има политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанции. Во училиштето не се пуши, наставниците не доаѓаат во алкохолизирана состојба, не консумираат алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции. Училиштето нема пишани процедури за регистрирање на појавата на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив. За заштита на учениците од употреба на алкохол, цигари и наркотични супстанци училиштето организира предавања и активности за одбележување на Светскиот ден против пушењето.

Во училиштето нема организирана исхрана. Училиштето води кампања за здрава исхрана, организира предавања на тема „Здрава храна“ и реализира активности за одбележување на Светскиот ден на здравјето и Меѓународниот ден на храната.

Пристапот и инвентарот во училиштето е приспособен на потребите на учениците со пречки во развојот пред влезот на училишниот објект, како и во просторот во ходниците и во училниците не овозможува нивно движење. Училиштето нема пристапна рама и стаза за движење на ученици кои користат помошно средство за движење.

Во училиштето во последните три учебни години нема ученици од социјално загрозени семејства. За помош и поддршка на учениците во вонраставните активности и обезбедување со училишен прибор, облека училиштето организира активности и соработува со Центарот за социјална работа и хуманитарните организации, невладини организации и на училишно ниво организира акции за поддршка на учениците во наставата.

## 4.2 Здравје

Хигиената во училиштето е на добро ниво. Училишниот простор е чист и се дезинфицира во тек на учебната година согласно законските прописи. Училиштето воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Училишниот двор е чист со делумно определен простор за холтикултурно уредување со цвеќе. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето воспитно делува учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Во училиштето е извршена дезинфекција, дезинсекција и дератизација од овластена фирма Јавно комунално претпријатие „Сарај“ (договор број 0302-381/2 од 04.09. 2023 година).

Училиштето има програма за превенција за здравјето, организира предавања за начини на живеење, заразни болести-штетност и заштита, одржување на хигиена, заштита од ХПВ, сида и полови болести. За учениците училиштето организира систематски преглед, а за вработени санитарен и лекарски прегледи. Лекарски преглед на вработените извршен во ПЗУ„Медика плус“ - Скопје, (договор број 169/21 од 02.07.2021 год.) а извршен е и санитарниот преглед (број 03-168/2 од 19.06.2023 год). Учиниците редовно одат на систематски прегледи, вакцини и ревакцини.

Во училиштето нема ученици со хронично заболување. Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман. Притоа училиштето соработува со родителите и здравствените установи.

## 4.3 Советодавна помош на учениците за понатамошно образование на учениците

Училиштето обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование и реализира активности по Програмата за професионална ориентација на учениците. Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на понатамошно образование по завршувањето на основното образование опфаќа презентација за професионална ориентација од страна на средните училишта, редовно информирање на родителите и учениците за помошта што може да ја добијат во училиштето преку пишани и усни соопштенија од страна на одделенските раководители и стручната служба, но не опфаќа самооценување на вештините и интересите на учениците и помош во изработката на кратка биографија. Училиштето нема програма за работа на професионална ориентација за учениците со посебни образовни потреби во соработка со посебните средните училишта преку разговор со родителите.

Стручната служба им помога на учениците и родителите во решавање на проблемите поврзани со ВОП и ги упатува до релевантните институции. Училиштето има редовна соработка со релевантните институции, како што се здравствените установи, Центарот за социјална работа, Центарот за ментално здравје и МКФ – Меѓународна класификација на функционирање, попреченост и здравје.

## 4.4 Следење на напредокот на учениците

Наставниците и стручните соработници водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Во евиденцијата посебно се акцентирани добрите страни на учениците и нивните развојни потенцијали. Во евиденцијата се внесени и податоци за напредокот на учениците, што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручната служба и родителите на учениците. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, директорот и помошник директорот, стручната служба, одделенските и класните раководители, предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи, по квартали, за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи и анализи според паралелки им се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар. Извештаите се достапни за сите други наставници. Родителите и учениците се информираат на одделенскиот, односно класен час, родителски средби и Совет на родители. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес. Училиштето има определено наставник ментор со Одлука број 03-88/1 од 28.04.2023 и Одлука бр.03-138/1 од 01.06.2023 година.

# 5 Училишна клима

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Наставничкиот кадар ужива респект кај родителите. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Училиштето е препознатливо како еко училиште.

Училиштето има кодекс на однесување во кои се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето и донесен еко кодекс. Во изработка учествувале претставници од сите структури и усвојување со демократска процедура. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодекс.

Училиштето води политика на заемно почитување и вклученост на сите наставници и вработени што учествуваат во училишниот живот. Учениците - членови на училишната заедница не се поканувaат на состаноци на наставнички совет и совети на паралелки. Раководниот и наставничкиот кадар играат клучна улога во одржувањето на постојано потикнувачка атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Со учениците со потешкотии во учењето работи инклузивен тим формиран со Решение бр.03-272/1 од 24.08.2023 год. За работа инклузивниот тим има изготвено Програма. Тимот работи и со другите ученици од паралелката со цел да се даде поддршка и помош на уцениците со ИОП. Учениците се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.

Учениците и вработените го почитуваат куќниот ред во училиштето, почитувајќи ги правилата на однесување во училиште. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставничкиот кадар. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки. Во последните три учебни години во училиштето нема изречени усни опомени, писмена опомена, укор. Во училиштето нема закани, провокации, навреди и пишани графити со негативна содржина упатени кон учениците припадници на други етнички заедници. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето.

Училиштето има формирана ученичка заедница. Во ученичката заедница вклучени се родители на учениците. Ученичката заедница има изготвено програма за работа и за реализација на програма добива поддршка од училиштето. Ученичката заедница учествува во разгледување одлуки за прашања што се од непосреден интерес за нив и другите ученици. Учениците целосно се информирани од претставникот во ученичката заедница за сите работи што се од нивен непосреден интерес и поголем број на ученици во одделението учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици. Наставничкиот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците имаат добри очекувања од самите себе и од другите за повисоки постигања на ниво на училиште. Најголем број наставници успешно го користат пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на сите ученици во рамки на училиштето.

Училиштето води политика на поттикнување на наставничкиот кадар и на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво. Училиштето ги наградува учениците кои постигнале успех, но не и наставниците ментори на учениците, кои со постигнатиот успех се стекнале со награда и го афирмирале училиштето. Училиштето има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните еколошки активности.

## 5.3 Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на ученикот. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Училиштето не организира работилници со родителите за да ги запознае со правата на децата или со обврските на учениците во училиштето.

Најголем број наставници правично и со почит се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста. За начинот како учениците да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училиштен контекст истите се информирани.

Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Од учебната 2013-2014 година училиштето реализира активности од Меѓуетничката интеграција во образованието. Активностите се планирани во Годишната програма на училиштето и се реализираат со изготвен акциски план преку работилници и натпревари. Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. ООУ„Невена Георгиева Дуња" од Скопје е партнер училиштето на училиштето и со учениците од партнер училиштето и учениците од подрачните училишта се реализирани заеднички воннаставни активности и индивидални воннаставни активности..

Наставници имаат планирано интегрирани содржини од МИО и ги реализираат согласно планираната динамика.

## 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето планира активности да ги поттикне родителите да се вклучат во воспитно - образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање предавања на конкретна тема или посети на работното место на родителот, како и во воннаставните активности. Училиштето користи методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и родителски средби, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Училиштето има пропишани процедури за избор на претставници од редот на родителите во училиштето. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и постигањата на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители во пишана форма. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Заедницата добро се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. Со тоа се промовира мултиетничка интеграција и инклузивност во пошироката средина.

Училиштето има воспоставена континуирана соработка за реализирање на активностите од еколошката програма. Училиштето не е ЕКО училиште нема изготвено еко програма, еко календар, еко албум, еко кодекс, еко пораки, има формирано еко одбор, формирана е еко патрола, организирани се еко акции и многубројни активности за одбележување на Светскиот ден на заштита на: енергијата, климата, животната средина, водата, како и нивното влијание врз здравјето на луѓето. Постојат примери за успешна соработка со граѓанскиот сектор и активно учество на училиштето во проекти. За реализација на проектите има мал број примери за соработка на училиштето со основните и средните училишта од друг град на државно ниво. ( Меморандум за соработка и партнерство за мегуетничка интеграција во образованието број 03-33 од 01.02.2023 година ).

# 6 Ресурси

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава. Постојат пријатни просторни услови за одвивање на работата на наставничкиот кадар и за организирање воннаставни активности за учениците.

Во централното училиште во с.Буковиќ новиот училишен објект е изграден во 1965 година, а реновиран во 2011 година. Има осум (8) училници, простории за директор, секретар, наставници, библиотекар, психолог и социолог, просторија за помошно-технички персонал, санитарни јазли и подрум, со вкупна површина од 1571 $м^2$.

Стариот училишен објект е изграден во 1959 година, а целосно реновиран во 2009 година. Има три училници, библиотека и санитарни јазли со вкупна површина од 128 $m^2$. Училиштето има дворна површина од 8977 $m^2$ од која со озеленета дворна површина се 5215 $m^2$, две спортски игралишта (асфалтирани) со површина од 1200 $m^2$ и останата дворна површина со бетонски патеки која изнесува 2782 $m^2$.

Училишната зграда во подрачното училиште во с. Арнакија е изградена во 1969 година, од тврд материјал, приземје со 5 училници, една канцеларија, две помошни простории и два подрума со вкупна површина од 480 $m^{2.}$. Училиштето има дворна површина од 1318 $m^{2.}$ Од која со озеленета дворна површина се 150 $m^{2.}$, спортско игралиште (асфалтирано) со површина од 340 $m^{2.}$ И останата дворна површина со бетонски патеки која изнесува 828 $m^{2.}$.

Училишната зграда во подрачното училиште во с. Чајлане е изградена во 2018 година, од тврд материјал, приземје и спрат,со вкупно 7 училници, една канцеларија, две помошни простории и магацин, со вкупно 600 $m^2$. Училиштето има дворна површина од 2120 $m^{2.}$ од која озеленета дворна површина се 420 $m^{2.}$, останата дворна површина со бетонски патеки која изнесува 930 $m^{2.}$.

Училишната зграда во подрачното училиште во с. Раовиќ е изградена во 1976 година, а повторно е адаптирана 1986 година. Училиштето располага со 4 училници, канцеларија и шупа-подрум со вкупна површина од 192 $m^2$. Наставата се изведува во една паралелка. Училиштето има дворна површина од 904 $m^2$. Во подрачните училишта има простории за наставници и помошен персонал.

Во централното и во подрачните училишта нема спортска сала, така да наставниот план и програма од предметот физичко образование се реализира во спортските терени кои се наоѓат надвор од училишните згради.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала по норматив по одредени наставни предмети, но нема доволен број на нагледни средства. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, аудиовизуелна и ИКТ опрема и истите повремено ги обновува. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето. Учењето и наставата кај помал број на наставници е со користење на ИКТ опрема. Наставниците и учениците немаат пристап до интернет. Училиштето недоволно располага со соодветни нагледни средства, материјали и специфични помагала за учениците со посебни образовни потреби.

Училишната библиотека располага со 27.555 книги. При издавање се води евиденција во пишана форма и електронска форма. Од страна на библиотекарот за учениците се организира посета на изложби, саем на книги и издавчки куќи. Библиотекарот уредно го води проектот бесплатни учебници.

Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно планот на училиштето.

## 6.3 Обезбедување на наставен кадар

Училиштето за реализација на воспитно-образовниот процес има вработено наставен кадар по сите наставни предмети. Наставата во училиштето ја реализираат 56 наставници, од кои 21 одделенски наставници и 35 предметни наставници. Од кои соодветни се 45 наставници а несоодветни се 11 наставници. Според образовниот профил 43 наставници се со високо образование (2ж – приправник и 2ж- наставник ментор), 4 наставници се со вишо образование, 9 несодветни. На неопределено работно време се 34 наставника и 22 наставника се на одределено работно време. Според полот 29 се жени и 27 се машки, според етничката припадност 56 наставника се албанци.

Наставниот кадар е релативно добро квалификуван и е оспособен да преземе одговорности во наставата и воннаставните активности. Работата на наставниот кадар соодветно е поддржана од страна на стручната служба (психолог, социолог и библиотекар) и административно-техничкиот персонал. Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник приправник. Со наставникот приправник работи ментор согласно изготвена програма за работа.

Наставниците работат како тим во рамки на 8 стручни активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. При ангажирање на наставничкиот кадар се земаат предвид соодветната квалификација согласно нормативот, искуството и професионалниот развој на наставникот. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставничкиот кадар, училиштето има механизми за соодветна замена.

Училиштето има стручна служба (психолог, социолог и библиотекар) која им помага на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. За учениците со потешкотии во учењето и учениците со посебни образовни потреби училиштето има план за следење и работа со учениците. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка.

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ги детектира потребите на наставниците за професионален развој имајќи ги во предвид професионалните компетенции за наставници. Училиштето има Програма за професионален развој на наставниот кадар и стручните соработници.

Училиштето организира дисеминирање на знаењето, јакнење на вештините и способностите на кадарот. Организира и учествува во интерни и екстерни обуки, вклучувајќи потреба за обуки за работа со учениците со посебни образовни потреби. Училиштето има план за организирање на нагледен час, но истите делумно се реализираат.

Наставничкиот кадар и стручната служба имаат ажурирани професионални досиеја. Од страна на наставниот кадар и стручите соработници се изготвени индивидуални програми за професионален и кариерен развој.

## 6.5 Финансиско работење во училиштето

Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства.

При креирање на финансискиот план делумно се зема предвид предлогот од ученичката заедница за реализација на активности на ученичката заедница. Училишниот одбор добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. Финасовиот план и финансиски извешта и се разгледуваат и носат од страна на училишниот одбор.

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Буџетските приоритети се поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот се користи за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.

# 7. Управување, раководење и креирање политика

## 7.1. Управување/ раководење со училиштето

Училишниот одбор на училиштето е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето, при што се води сметка за етничката структура на членовите на училишниот одбор. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловникот за работа на училишниот одбор заведена под бр.03-275/2 од 30.08.2023 г. Годишната програма за работа на училиштето ја содржи посебната програма за работа на Училишниот одбор, со испланирани активности, временска рамка и носители на активностите. Присуството на состаноците е редовно со кворум за работа од претставниците на сите структури. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти, вклучени во воспитно-образовниот процес. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училиштето во последните три години нема реализирано обука за членовите на училишниот одбор. Потребната подршка за законско работење се добива од секретарот на училиштето а за сите останати прашања од областа на образованието соработката е остварена од раководниот орган и стручната служба. Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и води училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето, меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество.

Работата е транспарентна за сите структури во училиштето. Соработката со директорот на училиштето е многу добра, со остварен партнерски однос и според изјаснувањето на членовите запознаени се со сите прашања во врска со воспитно образовната работа, самоевалуацијата, развојната програма како и за управување со финансиите во училиштето. Училишниот одбор се свикува со електронска покана и обезбедени материјали за работа на состаноците.

Раководен орган во училиштето е вршител на должност директор со Решение бр.08-2678/1 од 16.11. 2023 година со претходно искуство на директор во траење од една

година во истото училиште. Во тек е постапката за избор на нов директор на училиштето. За својата работа директорот на училиштето има изготвено Програма за работа која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година. Директорот има добра соработка со вработените, користи различни идеи и искуства во спроведување на активностите. Работењето е транспарентно со директна комуникација, преку соопштенија, истакнување на информации на огласна табла, како и писмена и електронска кореспонденција со оние кои треба да бидат информирани.

Директорот има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето прифаќајки ги сугестиите, барањата и одговорностите преку соработка и интеракција со родителите, вработените, учениците, како и со локалната заедница и основачот и невладиниот сектор.

Фокусот на работењето на директорот е подобрување на условите во училиштето со акцент на реновирање на училишните згради во централното и подрачните училишта и потребата за изградба на нова фискултурна сала, оптимално обезбедување на икт опрема со цел подобрување на наставниот процес, снабдување со нагледни наставни средства за потребите на наставниците и учениците во наставата, вклучување на наставниците во обуки, советувања и семинари за подобрување на реализацијата на воспитно образовниот процес, реализација на стратешките цели од програмата за развој, подршка на ученичкиот парламент и обезбедување на поактивно вклучување на учениците во области кои се во нивен интерес, подршка и активно учество во спроведувањето на програмата за Меѓуетничка интеграција во образованието како и негување на мултикултурализмот во училиштето. До сега е реализирано дел од планираните активности во програмата за развој со запазување на временската рамка. Раководењето на директорот се заснива на тимска работа, преку вклучување на вработените во процесите на планирање, реализација и евалуација на севкупните активности. Раководниот орган на училиштето е проактивен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста и граѓански активизам.

## 7.2. Креирање на училишната политика

Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика. При дефинирањето фокусот е развивање на личноста на децата преку образование прилагодено на индивидуалните потреби со зајакнување на комуникацијата, соработката и разбирањето на различните етнички заедници. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на мисијата и визијата.

Вработените се запознаени со мисијата и визијата и се прават напори за нивно остварување. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање, а воедно ги мобилизира сите релевантни субјекти (вработените, структурите во училиштето, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на мисијата и визијата. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на мисијата и визијата.

Училиштето има договорни процедури за донесување на училишни политики. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, граѓански активизам, намалување на сите видови насилства во училиштата, намалување на семејното насилство, антикорупциска едукација на учениците, не дискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, итн. Наставниците, стручните соработници и формалните органи во училиштето активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките како и во активностите за нивно остварување.

Дефинираните стратешките цели во развојната програма за подобрување на работата во училиштето за 4 години се од приоритети на самоевалуација на училиштето до развојни цели, од стратешка цел до развојни цели, однос помеѓу развојната цел, конкретните цели и активностите и целосна имплементација на готовиот план.

# 8. Наоди и препораки

## 8.1 Силни страни

- Многу добри постигања на учениците во последните три учебни години;
- Во последните три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината;
- Организирање на голем број вонnаставни активности;
- За учениците кои од било кои причини подоцна се вклучуваат во образовниот систем им се овозможува да напредуваат со прилагодени програми и активности;
- Учество на учениците на општински, регионални и државни натпревари во разни области и голем број освоени награди;
- Училиштето има добра соработка со локалната заедница преку проекти, едукативни предавања и различни активности со учениците за различни воспитно – образовни цели;
- Во училиштето има сертифицирани наставници за давање прва помош на учениците;
- Училиштето ги зема во предвид мислењата и сугестиите на родителите;
- Реализирањето на активностите од проектот за меѓуетничка интеграција е овозможено со финансиска поддршка од основачот;
- Перманентно градење на позитивна училишна клима со добри односи кај наставниците, родителите и учениците;

## 8.2 Слаби страни

- Статутот на училиштето со бр.01-47/2 од 03.02.2020 година, нема решение за добивање согласност од МОН.
- Планирањата на наставниците не ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот и во голем дел од нив недостасуваат диференцирани цели и диференцирани активности за работа со талентираните ученици и учениците што потешко напредуваат;
- Во училиштето нема стручна поддршка од специјален едукатор и рехабилитатор за учениците со посебни образовни потреби;
- Училниците не се опремени со паметна (смарт) табла во согласност со новата концепција;
- Недоволна застапеност на интегриран пристап по одделни наставни предмети, во предметна настава;
- Недоволна примена на ИКТ во наставата;
- Недоволна опременост со нагледни средства;
- Несоодветен наставен кадар во наставата;
- Недоволно затоплување на училниците во училиштето;
- Училиштето нема пишана процедура за постапување во случај на кршење на правилата од страна на родителите;

- Во училиштето не е изведена симулација за постапување во случај на елементарна непогода;
- Во училиштето нема фискултурна сала ни во централното, ниту во подрачните училишта;
- Низ ходниците во училиштето, нема изложени изработки на учениците, изготвени во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието преку кои би се отсликувал мултиетничкиот карактер на општеството.

## 8.3 Препораки

- Училиштето да обезбеди решение од МОН за давање согласност на Статутот на училиштето со бр.01-47/2 од 03.02.2020 година;
- Училиштето да настојува да се подобрат планирањата на наставниците и истите да ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот, да содржат диференцирани цели и диференцирани активности за работа со талентираните ученици и учениците што потешко напредуваат;
- Училиштето да обезбеди стручна поддршка од специјален едукатор и рехабилитатор за учениците со посебни образовни потреби;
- Во училиштето да се опремат училниците со паметни (смарт) табли во согласност со новата концепција;
- Во училиштето да се зголеми застапеноста на интегриран пристап по одделни наставни предмети, во предметна настава;
- Во централното училиште и во подрачните училишта да се реализираат наставни часови со примена на ИКТ во наставата;
- Во централното училиште и во подрачните училишта да се зголеми, бројот на нагледни средства;
- Во централното училиште и во подрачните училишта да се обезбеди соодветност на наставниот кадар;
- Во училиштето да се обезбеди поголемо затоплување на училниците;
- Училиштето да има пишана процедура за постапување во случај на кршење на правилата од страна на родителите;
- Во училиштето да се изведе симулација за постапување во случај на елементарна непогода;
- Во централното и подрачните училишта наставата по физичко и здраствено образование да се овозможи, да се реализира во простор адаптиран за фискултурна сала;
- Во ходниците на училиштето да се изложат изработки на учениците, изготвени во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието преку кои би се отсликувал мултиетничкиот карактер на општеството.

| | |
|---|---|
| Afrim Saliu, Раководител на инспекциски тим | |
| Андреа Ѓорѓевски, член на инспекциски тим | |
| Перо Арсеновски, член на инспекциски тим | |